Г Р А Д     С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Група членови на Советот на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на Совет на Град Скопје

# Предлог-Одлука за разрешување на член на Управниот одбор на ЈСП СКОПЈЕ- Скопје

Скопје, април 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 17-ѓ став 2 алинеја 2 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) Советот на Град Скопје на _________ седница, одржана на _____ 2025 година, донесе

**Одлука**
**за разрешување на член на управниот одбор на ЈСП СКОПЈЕ- Скопје**

**Член 1**

Од функцијата член на Управниот одбор на ЈСП СКОПЈЕ-Скопје, се разрешува **Благоја Грозданов.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27- /1
април 2025 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**Образложение**

Согласно член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

Согласно член 17-ѓ став 2 алинеја 2, основачот на јавното претпријатие може да го разреши членот на управниот одбор на јавното претпријатие, доколку неоправдано отсуствува на седниците на управниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година.

За **Благоја Грозданов,** член на Управниот одбор на ЈСП СКОПЈЕ – Скопје, од страна на претседателот на Управниот одбор на претпријатието, поднесено е барање со број 27-1782/1 на ден 21.02.2025 година, поради негово неправдано отсуство од седниците на Управниот одбор.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за разрешување на член на Управниот одбор на ЈСП СКОПЈЕ– Скопје.